Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Бр. 14- 534 /1
15.01. 2016 година
Аминта трети бр. 2
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно член 51 став 2 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15 и 193/15), донесе

# РЕШЕНИЕ
## за висината на надоместокот за издавањето на годишнатата дозвола за рекреативен риболов за сите риболовни води во Република Македонија – Државна дозвола

1. Висината на надоместокот за издавање на годишнатата дозвола за рекреативен риболов за сите риболовни води во Република Македонија - Државна дозвола за 2016 година изнесува 7 000, 00 денари.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Надоместокот за издавање на државната дозвола на годишно ниво го определува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и е во висина на највисокиот определен надоместок за издавање на годишна дозвола за одреден риболовен ревир и рекреативна зона зголемена за два пати, но не повеќе од 7 000,00 денари. Највисокиот определен надоместок за издавање на годишна дозвола за одреден риболовен ревир и рекреативна зона во 2016 година изнесува 4 000,00 денари. Државната дозвола се издава по поднесено барање (образец) за издавање државна дозвола во чиј прилог се доставува доказ за извршена уплата во Буџет на Република Македонија – 70% од вредноста на надоместокот, односно износ од 4 900,00 (четири илјади и деветстотини) денари и доказ за извршена уплата на сметка на риболовното здружение чиј член е корисникот (сопственикот) – 30% од вредноста на надоместокот на дозволата, односно износ од 2 100, 00 (две илјади и сто) денари, како и фотокопија од легитимација за рекреативен риболов за 2016 година издадена на име на лицето – корисник (сопственик) на дозволата.

МИНИСТЕР,
м-р Михаил Цветков

Подготвил: Виолета Михајлоска
Контролирал: Игор Бојаџиевски
Согласен: Абдилгафар. Синани